# Клиентелизам и конфликт на интереси

Годинашната програма со помпезното име „за остварување на националниот интерес во културата“ не се разликува ниту за јота од претходните. Структурно, Министерството, во сите сегменти, повторно финансиски го одржува истиот транзициски „жабурник“, што од осамостојувањето на земјава ја задушува културата и не ѝ дава да се реформира и да се развие.

Повторно многу институции имаат добиено пари за „живи мајка“, под општата одредница „програмски активности“. Финансирано е сè и сешто што сите овие години зафатило макар и најмал дел од културниот простор во Македонија.

Ниту делот за издавачката дејност не се разликува од општото сивило на финансискиот план на Министерството. И во тој дел е финансирано сè и сешто: 183 дела на 82 издавачи и пет индивидуални проекти. Како издавачи се јавуваат и поединци и установи и многу фиктивни издавачки куќи што немаат врска со дејноста.

Таа слика се повторува и во делот на списанијата, особено скандалозно со вадењето неколку списанија што се замрени, маргинални и тотално нискоквалитетни во поглед на понудените прилози и поширокото влијание врз читателството („Современост“, „Стремеж“, „Летр интернационал“, „Литературен збор“ и сл.). Со тоа се поништува тежнеењето на претходничката на сегашниот советник за издаваштво, Ќулавкова, конечно да ги поддржи само квалитетните и програмски и едициски профилираните издавачи.

Комисијата за издаваштво си дозволи да ги промени критериумите по кои аплицираа учесниците на конкурсот. Нешто што во правната и во нормативната практика е априори забрането: ниедна одлука нема ретроактивно дејство. Правниците треба да кажат дали за тоа треба и законски да се одговара. Морално, токму претседателот на комисијата, Венко Андоновски, остро протестираше против вмровските „рушители“ и „разградувачи“ на сè што постои пред нив. Критериумите по кои се аплицираше, какви-такви, беа многу подобри од тоталзантното „домашен автор“: културолошки провинцијално, политички антиевропски, изолирачки и во спротивност со генералната стратегија на целокупната политичка ориентација на земјата, а посебно и со штотуку донесената Национална програма за култура.

**■ Критериумите по кои се аплицираше, какви-такви, беа многу подобри од тоталзантното „домашен автор“: културолошки провинцијално, политички антиевропски, изолирачки и во спротивност со штотуку донесената Национална програма за култура**



**Роберт Алаѓозовски**

Со инсистирањето на „домашното творештво“ се крши претходниот постоен критериум на размена, односно превод на дела од светската литература и обратно. Без преводна белетристика сите катедри на Филолошкиот факултет, каде што декан е Андоновски, освен Македонската и Албанската, се осудени на пропаст.

Со тоа се уништува целата фела книжевни преведувачи, за чие здружение, апсурдно, Андоновски дава пари за награди и за смотри.

Друго, погубно, наследено правило, кое комисијата го задржува е да не финансира автори што добиле во изминатата година. Ова правило е спротивно со категоријата индивидуален уметник, односно трговец-поединец, што Министерството ја поддржува и негува. Без континуитет, како овие творци ќе докажат дека се успешни и дека ги исполнуваат критериумите за државно покривање на придонесите.

Субјективниот избор на оваа трочлена комисија, која „смрди“ на клиентелизам и на лични афинитети, Андоновски сака да го наметне како од Бога дадено. А од изборот се гледа дека, покрај задачата на албанскиот член, доминираат дела од сферата на историјата на уметноста и археологијата (домен на вториот член, Никос Чаусидис) и дела на автори од Катедрата за македонска и јужнословенски книжевности, од ФДУ, и од СДСМ, за кои е „надлежен“ Андоновски. Андоновски се жалеше дека од трите правел едно, а решил да финансира неколку збирки колумни, книги што досега ги правеа весниците кои ги објавуваат. Доделени се пари дури и за изборните активности на Друштвото на писателите.

Одлуката да им се доделат десетпати повеќе пари на „Култура“ и на „Магор“ од другите, Андоновски ја правда со „едноставно, тие имаа најдобра програма“. Со ова, тој им припишува метафизички и пророчки квалитети на овие издавачи. Зашто, каква е таа програма што сама се испишува без да ги знае правилата, кои се отпосле објавени, „по потреба“ и „одново“?

Очигледниот конфликт на интереси (за што ќе треба да се произнесе и антикорупциската комисија) во однос на фактот што Андоновски е „ексклузивец“ на „Култура“, посебно дрско, тој ја брани со фарисејски тон, укорувајќи ги новинарите за „малограѓанштина“! И додава дека неговата книга за 2004, „Култура“ ќе ја објави од свои фондови. Ако на една фирма ѝ платите 11 пати, не е воопшто менаџерски проблем 12-ката да ви ја даде гратис. Па, дури и „ексклузивно“ да ве награди.

(Авторот е магистар на филолошки науки)